**ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште**
**Јавна општинска установа за деца-детска градинка ВИНОЖИТО Сопиште , општина Сопиште**
**www.gradinkaviznozito.mk, e-mail: joudgvinozito@gmail.com**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ОД РАБОТАТА НА ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште

# за 2025/2026 година

**Сопиште, август 2026**

# ВОВЕД

Детските градинки претставуваат институции од јавен карактер за организирано згрижување и воспитување на деца, чии цели и задачи се формирање на сестрано развиени личности, способни и одговорни, кои активно треба да се вклучат во образовниот систем.

Основна дејност на Установата е 88.91-дејност на дневна социјална заштита на децата т.е. згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст. Дејноста се реализира преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско- рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот , менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 2 години до 6 годишна возраст односно до вклучување во основно образование. За таа цел, во текот на изминатата година се користеа основите на програмата за воспитно образовната работа со децата од предучилишна возраст и имплементација на стандардите за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години.

Годината ја започнавме со ентузијазам и јасна визија – да создадеме услови за среќно и здраво детство, за оптимален развој на секое дете и за негово успешно вклучување во образовниот систем. Секојдневните активности беа насочени кон обезбедување на стимулативна средина, почитување на индивидуалните разлики, поттикнување на креативноста и негување на позитивни вредности. Во реализацијата на оваа мисија учествуваа сите сегменти од колективот – воспитувачи, негователи и технички персонал. Сите тие, предводени од директорката, работеа со заедничка цел и со чувство на одговорност. Родителите беа наши верни партнери, а Стручните тимови придонесоа за систематичност и ред во функционирањето на установата.

Од годишниот извештај за работата на ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште се добива претстава за спроведените и реализираните активности и програми за период од септември 2025 –август 2026 година од следните области:

**→услови и организација на работата во детската градинка;**

**→воспитно-образовната работа во детската градинка;**

**→ работата на стручните тела и органи на градинката.**

# 1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерство за социјална политика, демографија и млади – Сектор за заштита на децата. Како појдовни основи, односно извори на податоци за состојбите во врска со остварување на дејноста , во постапката за изготвување на Годишниот извештај за работата на детската градинка, користени се :

- Законот за заштита на децата ( Службен весник на Република Македонија бр. 170/2010);
- Статут на јавната детска установа за деца ‘’ ВИНОЖИТО ‘’ – Сопиште ;
- Годишна програма за работа на детската градинка за 2025/2026 година ;
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка;
- Програма за рано учење и развој базирани врз стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 годишина возраст – документ изработен од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија;
- Програмската структура на воспитно – образовната дејност заедно со плановите и програмите за одделните воспитно – образовната дејност заедно со плановите и програмите за одделните воспитно – образовни подрачја, изготвени од бирото за развој на образованието;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Нови форми и содржини за опфат на децата заради правилен психофизички развој на децата од непосредната околина, што не се опфатени со постојани форми на згрижување, воспитание и образование;
- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала детската градинка во изминатиот повеќегодишен период на полето на воспитно – образовната работа.

## 2. УСЛОВИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА

### *I. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ ЈОУДГ ВИНОЖИТО СОПИШТЕ*

### МАТИЧЕН ОБЈЕКТ– ВИНОЖИТО

Воспитно-образовната и згрижувачката дејност во детската градинка ВИНОЖИТО се реализира во два објекта и тоа еден објект кој е матичен, во две хетерогени воспитни групи од две до четири годишна возраст и од четири години до шест годишна возраст односно до поаѓање на училиште и објектот Сонце кој се отвори на 4 Јануари 2026 година каде има две хетерогени групи од две до четири годишна возраст.

Објектот е наменски изграден за вршење на дејноста која се реализира, што подразбира дека ги исполнува стандардите и нормативите пропишани за организирање на престој на деца. Објектот се состои од две занимални со почетен капацитет од 31 дете , но поради потребата на населението од услугите кои ги дава детската градинка со Одлука од Советот на општина Сопиште се зголеми бројот на деца кои може да се згрижат во детската градинка на 48 деца. Во текот на оваа воспитна година вкупно беа вклучени максимум 48 дечиња.

Сите занимални се опремени со плакари, масички и столчиња, креветчиња и друг помошен инвентар. Исто така во занималните постојат разновидни катчиња опремени со соодветни играчки и игровен материјал, двете занимални се климатизирани. Поставени се фолии на прозорите и вратите од занималните, има зебра завеси во занималните. Просторот за минифестации  се користи за појадок на дечињата од групите. Во кујната има  клима за да им се подобрат условите на вработените во истата.





**Дворната површина на детската градинката** е 982,82 м2, доста е функционална, разеленета, има засадено дрва и цвеќиња и со реализирана јавна набавка дворната површина е опремена со реквизити за дечињата кои ја посетуваат детската градинка.





Карпа за качување Вртелешка со пет точаци





Комплекс од две отворени кули, лизгалка и ограда



Комплекс покриена кула со лизгалка

Минатата година се обнови и збогати фондот со голем број на играчки и дидактички материјали кои ќе ги користиме низ воспитно-образовниот процес. Овие дидактички материјали и играчки се од големо значење за правилен раст и развој на децата од предучилишна возраст, а со нивно користење ја реализираме и унапредуваме воспитно-образовната работа со цел децата да совладаат разни вештини и да стекнат знаења кои ќе им бидат потребни и понатаму низ секојдневието.

**Стручна литература** -во воспитната година 2025/2026 тековно се збогатуваше детската литература и стручна литература за вработените. Во предучилишната група со дозвола од родителите е набавена литература за работа за секое дете и таа литература е со одобрение од МСПДМ.

**Библиотеката** беше збогатувана со стручни книги, списанија и прирачници кои беа користени за професионален развој на кадарот. Во таа насока, во употреба беа следните изданија:

- ✓ „Математика од 4-5 и 5-6 години“ – Едука Мак;
- ✓ „Мини текнувалки од 3-4 години“ – Едука Мак;
- ✓ Ѕвездички- списание за деца – Едука Мак;
- ✓ Детска планета од 3-4 години – Едука Мак.

Овие публикации беа искористени како основа за унапредување на методологијата и следење на современите трендови во предучилишното воспитание.

## ОБЈЕКТ СОНЦЕ

Објектот Сонце е наменски изграден и се наоѓа во населено место Сопиште, Општина Сопиште со површина на 425,78 м2. Во неа се предвидени три занимални со капацитет за згрижување и воспитание на 57 деца од предучилишна возраст. Исто така, објектот има и помошна чајна кујна. Овој објект има три занимални -две за хетерогени групи и една занимална опремена за јасли.



Објектот Сонце е целосно опремен и подготвен за отворање, а се отвори на 4 Јануари 2026 година каде одма почнавме со уписи на деца. Додека се отвори објектот имавме поправка на парното- промена на пумпата, електричари поставуваа штекери во кујната и таму каде што беше потребно, направена е корекција на фасадата. Во кујната набавена е кујнска опрема (тави, тенџериња, вангли, послужавници), набавена е дидактичка опрема за трите занимални, детска литература, канцелариски и училишни материјали. Поставен е реквизит за лизгање и качување во дворот, засадени се цвеќиња и уредена е комплетно дворната површина.



Занимална



Простор за манифестации



Занимална–јасли



Кујна

**Дворната површина** во поголем дел е опремен со тоа што набавивме нов детски реквизит за лизгање и качување на дечињата. Во соработка со општина Сопиште дворот уредно се одржува, партерно се уредува дворната површина на детската градинка, се

направи еколошко катче со искористени гуми во кои се насадени разнобојни цвеќиња. Поставени се канти за отпад и клупи.

**Следува прилог на слики од новите реквизити во дворната површина кој се реализираа изминатиот период.**







**Иминатиот период од годината за подобрување на условите во детската градинка е реализирано и следново:**

Спроведени се следните јавни набавки:

- Јавна набавка за прехрамбени производи за исхрана;
- Јавна набавка за средства за хигиена;
- Јавна набавка на горива и масла (моторни возила);
- Јавна набавка на течни горива- нафта за греење.

На ден 27.11.2025 година волонтерите на невладината организација на АЦТ спроведоа акција за садење на овошни дрвца во нашата градинка. Со љубов и заедничка енергија засадивме јапонско јаболко, сливи, јаболка и цреши во дворот на двата објекти. Мал но многу значаен придонес за поквалитетна средина за најмалите. Ќе продолжима да садиме живот, да ја негуваме природата и да го поттикнуваме чувството за грижа уште од најрана возраст.






**Преглед на број на вработени според профил на стручност**

| **Профил на стручност** | **Вид на образование** | **Број на вработени** | **Работен статус** |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII 1 | 1 | 1 Определено |
| Воспитувач | ВСС/VII 1 | 4 | 3 Неопределено<br>1 Определено |
| Неговател | ССС | 3 | 3 Неопределено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Главен готвач | ССС | 1 | 1 Неопределено |
| Помошник готвач | ССС | 1 | 1 Неопределено |
| Садомијач | ССС | 2 | 2 Неопределено |
| Возач- доставувач на храна | ССС | 1 | 1 Неопределено |
| Хигиеничар | ССС | 2 | 2 Неопределено |
| Хаус –мајстор | ССС | 1 | 1 Неопределено |
| Вкупно: | | 16 | 14 Неопределено<br>2 Определено |

Целта на установата е да ја подобри квалификацијата и структурата на сите профили кои ја извршуваат непосредната работа со деца. Сето тоа го гарантираат стручните лица со стекната лиценца за работа во јавната детска градинка Виножито а тоа се 4 воспитувачи, 3 негуватели и Директорот кој воедно е и педагог.

- **Работно време и структура на вработените во градинката**

Работното време на детската градинка започнува во 06:30 часот и завршува во 17:00 часот. Во тој временски интервал родителите можат да ги носат децата во градинка, секој според своите потреби, со тоа што настојуваме приемот да биде до 08:15 часот за да можат децата да ја следат секојдневната програма заедно со своите другарчиња. Престојот е организиран во целодневен престој со кој беа опфатени поголемиот број на деца во детската градинка. Работното време на вработените во установата е регулирано со статут на установата, одлуки на Директорот за работното време и систематизација во која што се наведени во описот и работните задачи според работното место. Во рамките на 40 часовната работна недела распоредот на работното време за вработените го утврдува Директорот на детската градинка но добиваме и Одлука за утврдување на работното време од Советот на општина Сопиште.

## *II.* ***ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА***

Организираната работа во детската градинка се реализираше преку поделбата на децата по возрасни групи кои се утврдени со Законот за заштита на децата. Во воспитните групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветна опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Во преден план беше обврската да се обезбеди безбедна средина, организиран простор за движење, игра и учење, а поттикнувачки фактор беше волјата на детето, инспиративниот материјал и слободниот пристап на детето кон игра и истражување.

Градинката секогаш води сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се провоцираше детската љубопитност и се насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

Во планираните активности во преден план беше поставена личноста на детето и неговиот инспиративен карактер.

За секој работен ден се изготвува ориентационен распоред на активности и тоа започнуваќи

од 06:30 до 17:00 часот, до испраќање на децата.

### Организација и реализација на дневните активности на децата

Реализацијата на воспитно – образовната програма со децата од градинка се одвиваше во 4 воспитни групи. Во сите воспитни групи се реализираше програмата за ран детски развој, базирана на стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 годишна возраст. Процесот на развој на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години е воден од следните принципи :

- На сите деца без разлика на полот, етничката и религиозната припадност , социо – економските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби треба да им се овозможи влез во воспитно – образовниот систем.

- Сите деца можат да учат;

- Децата најдобро учат низ игра;

- Средината во која што децата учат ја поттикнува љубопитноста и е во согласност со нивните физички и емотивни потреби со цел да се чуствуваат безбедно;

- Заедничко делување на семејството и заедницата во поттикнување на развој на рано учење кај децата ;

- Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст со соодветна подршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење;

- Холистички пристап на воспитание и образование кон секое дете;

**Организацијата на дневните активности на децата од најрана предучилишна возраст**

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на деца и слободни активности (игри по изборна децата) | до8:15часот |
| 2. | Утринска гимнастика | 8:15ч |
| 3. | Појадок | 8:30ч |
| 4 | Реализација на дневното планирање | 9:00ч |
| 5. | Ужинка | 10:00ч |
| 6. | Реализација на дневното планирање | 10:30ч |
| 7. | Прошетки,набљудувања и престој на свеж воздух | 11:00ч |
| 8. | Ручек | 12:15ч |
| 9. | Пасивен одмор-спиење | 12:45ч |
| 10. | Ужинка | 14:45ч |
| 11. | Реализација на дневното планирање | 15:15ч |
| 12. | Слободни игри и средување на центрите за учење | 15:50ч |
| 13. | Заминување на децата | до17:00ч |

Детската градинка одговорно го обезбедува севкупниот амбиент кој го поддржува позитивното искуство во текот на раното детство вклучувајќи ги и чинителите, родителите, воспитувачите. Сите имаат подеднаква улога во поттикнување на растот и развојот кај малите деца преку креирање на содржини, активности преку игра.

Воспитно-образовната дејност се одвиваше низ разновидни воспитно-образовни активности. Тоа се организираше низ следниве три форми на работа:

**→ Насочени активности – како форма на непосредно влијание, раководење и следење на детскиот развој;**

**→ Животни активности – како форма на задоволување на детските потреби од храна, одмор, одржување на хигиената и сл.**

**→Слободни активности–како форма на посебно воспитно влијание;**

## 2.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Структурната организација на работата во предучилишните установи се темели на активности кои во содржински и интенционален контекст се определени со Програмата за рано учење и развој и стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години. Во планирањето на работата се застапени активности со цел да се обезбеди развој на вкупниот потенцијал на детето, напредување во секој аспект (физички, социо-емоционален, когнитивен, пристап кон учење, јазик и комуникација) од развојот. Преку разработка на планираните теми преточени во содржини и активности (телесни, перцептивни, здравствено-хигиенски, еколошки, друштвени, откривачки, логички, работни, сообраќајни, говорни, драмски, ликовни, музички, танцови) се следи и поттикнува физичкиот, социо-емоционалниот, когнитивниот, комуникацискиот, творечки раст и развој на детето. Понудените активности се поделени по развојни домени, но секогаш треба да се има предвид дека тие ќе ги опфаќаат сите домени на развојот во различен степен.

Секое дете кое за првпат ќе зачекори во нашата градинка посебно внимание се посветува на периодот на адаптација преку постапно зголемување на дневниот временски престој на детето, затоа што одвојувањето на детето од семејството е најтежок период во проце

сот на адаптација.

### 2.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Годишниот извештај е заснован врз годишната програма за реализација на воспитно – образовната работа на 2025/ 2026 година која е донесена од страна на Управниот одбор на ЈОУДГ ‘’ ВИНОЖИТО‘’ а е во согласност со програмата за ран детски развој базирана врз стандардите за рано учење и развој донесена во март 2014 година како нова програма за воспитно – образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детските градинки. За планирано и организирано влијание врз севкупниот развој на детето, целите и задачите беа систематизирани и се содржеа во плановите за работа и тоа во:

- Годишен план за работа од објектите во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината;
- План за реализација на активности;
- План за реализирање на воспитно – образовната работа со децата од градинка;
- План за реализација на додатни програми и проекти;
- Програма за ран детски развој базирана врз стандардите за рано учење и развој за деца од 0-6 години;
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот базирана врз стандардите за рано учење и развој за деца од 0-6 години;
- План за работа на Стручниот совет на детската градинка;
- План за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите;
- План за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негувателите;
- План за соработка со родители;
- План за соработка со основните училишта и пошироката општествена средина;
- План за јавна и културна дејност.

Воспитно-образовната работа е една од компонентите на дејноста на Установата која се реализира преку слободни и планирани активности, игри и прошетки, соработка со родителите, посети и контакти. Во сите воспитно-образовни активности домените меѓусебно се испреплетуваат и се дополнуваат со што ги богатат различните активности. Секогаш е важна креативноста и инвентивноста а правилниот раст и развој се наша задача. Целокупниот развој на детето се следи преку посебен Инструменти зависно од неговата возраст и сознанијата се практикуваат при планирање и реализација на воспитно-образовните дејствија.

Воспитно-образовната дејност се планира и реализира континуирано според возраста, индивидуалните способности, компетенции и потреби на децата на годишно, средорочно и краткорочно- дневно планирање. Децата учат преку игра во естетско-

уредена просторија богата со разновиден дидактичко-игровен материјал, структуиран во логички целини-центри. Разновидните активности во внатрешен и надворешен простор обезбедуваат холистички пристап при учење и развој на детето.

Градинката е место каде децата имаат можност за воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на когнитивниот, социоемоционалниот, физичкиот и моторниот развој, како и развој на јазикот, комуникацијата и описменување и пристап кон учење.

Современите научни сознанија и достигнувања на психологијата и педагогијата, како и другите сродни и научни дисциплини, укажуваат дека предучилишната возраст е период на интензивен развој на детето, тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кој зависи натамошниот развој на идната личност.

## 2.2 Основни принципи на добри практики во процесот на рано учење кои ги практикуваме во детската градинка се:

✦ Создавање на поволна и позитивна средина за учење и развој;

✦ Остварување правилен психо-физички развој на децата и формирање основни културно- хигиенски навики;

✦ Социјализација на децата преку организирани воспитно-образовни активности;

✦ Негување и збогатување на детското творештво и способност за изразување на говорот;

✦ Ликовниот и музичкиот израз низ играта и другите активности;

✦ Интелектуален, емоционален и социјален развој на детето;

✦ Здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање кај децата свест за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, изградување на хумани односи и правилен однос кон животната средина;

✦Градење на партнерство со родителите.

Воспитувачот во текот на целата воспитно згрижувачка година врши опсервирање и проценка на достигнувањата и напредокот на детето и врз основа на тоа ги прилагодува активностите и стратегиите за учење. Проценката е сложен процес за кој воспитувачот го одредува потребното време, собира иформации, ги евалуира и ги документира во досието на детето.

Во Годишната програма за 2025/2026 година се изработи календар на настани со тоа што воспитно-образовниот тим направи долгорочно, среднорочно и дневно планирање на теми кои треба да се реализираат и воедно од секоја тема има очекувана цел. Програмата се претставува по годишни планови за работа по воспитните групи, а воспитувачките при изготвување на своите годишни и месечни планови ги изработуваа според возраста на возрасната група, како и условите и можностите во градинката.

**Во воспитната 2025/2026 година реализирани се следниве теми во двете воспитни групи и тоа:**

| **ТЕМА** | **Месечна реализација** |
|---|---|
| ,, Јас, градинката и моето семејство,, | септември/октомври |
| ,, Есента има жолта свила, портокалова лика и насмевка мила,, | октомври/ноември |
| „Снежна виулица- празнична врвулица,, | ноември/декември |
| ,, Зимската радост детски приказни крои,, | декември/јануари |
| ,, Што се можам јас,, | февруари/март |
| ,, Истражувам и со нови знаења се поткрепувам,, | март/април |
| ,, Мајско патување низ детскиот свет,, | мај |
| ,,Летната магија бескрајно да трае, преку рекреација и летна анимација,, | јуни,јули, август |

**2.3 Преку реализацијата на воспитно-образовната програма и активностите кај децата се влијаеше на развој од следниве аспекти**

- ✓ **Преку грубиот моторен развој** кај децата се воспостави контрола во просторот и рамнотежата, координација на деловите на телото при одење, трчање, скокање, качување по скали. **Финиот моторен развој** кај децата придонесе за развој на попрецизни активности: фаќање, закопчување, отворање, затварање, развивање на фината моторика кај децата;
- ✓ **Преку социо-емоционалниот развој** кај децата се постигна воспоставување интеракција со социјалната средина и личностите кои ги опкружуваат, децата ја развиваа перцепцијата за себе препознавање и прифаќање на своите емоции, градење на сооцијални врски, решавање на проблем ситуации, поттикнување на пријатни чувства и создавање на пријатна клима за престој, насочена игра во група со деца, комуникација, почитување и практикување на основните човечки вредности како љубов, почит, внимание, бон – тон, итн;
- ✓ **Пристапот кон учење** се одвиваше преку развивање на љубопитност и инцијативност, градење на самодоверба, охрабрување, насочување на вниманието, поттикнување на самоконтрола и дисциплина, воочување на сопствените можности и способности. Децата се стекнаа со нови знаења и стекнаа нови искуства;
- ✓ **Во рамките на развојот на комуникациските вештини** децата постигнаа можности да соработуваат со околината користејќи ги говорните вештини, како и логички поврзан говор. Со читање на разна едукативна литература кај децата се развивше и поттикнуваше љубов кон печатениот материјал и литературата за деца, се збогатуваше детскиот литературен речник и се поттикнуваше правилниот говор и изговор кај децата;
- ✓ **Во рамките на когнитивниот развој и општите знаења**, кај децата се разви логиката и размислувањето, истражувањето и откривањето на нови знаења, умеења и навики. Децата добиваа и стекнуваа информации за средината преку набљудување и манипулација, осознаваа за човекот како живо општествено суштество, природата која ги опкружува, жива и нежива природа, демонстрираа способност да разликуваат звуци, гласови, како и музички активности со пеење, слушање, следење ритам, користеаа разни детски музички инструменти и разни форми на визуелна креативност. Развиваа еколошка свест и го надоградуваа знаењето за свесно користење и заштита на ресурсите од природата и природните материјали. Се поттикнуваа кон користење на разни поими и релации во опкружувањето со цел доживување на математиката како пријатно искуство, стекнуваа можности за формирање особини на личноста, иницијативност, трперливост, истрајност, љубопитност, прецизност.

### 2.4. Проекти

Детската градинка во текот на годината планира и реализира активности и содржини со кои се стимулира развојот кај децата, а се поврзани со редовната воспитно-образовна работа и проекти на теми кои се важни за стекнување на нови знаења,одредени рутински вештини и искуства. Во текот на воспитно-образовната 2025/2026 година, во нашата градинка беа планирани и успешно реализирани повеќе проектни активности кои претставуваа значаен дел од воспитно-образовниот процес. Преку внимателно избрани теми, усогласени со развојните

потреби, интересите и можностите на децата од предучилишна возраст, се создаваа услови за активно учење, истражување, креативно изразување и стекнување на нови искуства. Проектните активности беа насочени кон поттикнување на целокупниот развој на детето – когнитивен, социо-емоционален, говорно-јазичен, физички и креативен развој, преку интегриран пристап и примена на современи воспитно-образовни методи. Во текот на реализацијата, децата имаа можност активно да учествуваат во различни истражувачки, практични и креативни активности, преку кои ги збогатуваа своите знаења, развиваа вештини и градеа позитивни ставови кон светот што ги опкружува. Овој извештај дава преглед на реализираните проекти, нивните цели, активности и постигнатите резултати во текот на воспитно-образовната година и ќе биде поткрепен со фотографии.  Проектите беа реализирани во периодот од 01.09.2025 до 31.05.2026 година. Низ текот на реализација на проектите децата и воспитниот тим користеа разновидни материјали,   средства, помагала и реквизити.

## ➢ *ПРОЕКТ :„ МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА“*

***Цели на проектот:***

✦Да се поттикнува интересот на децата за македонската традиција, култура и културно наследство;
✦Да се развива чувство на припадност, љубов и почит кон татковината, националниот идентитет и традиционалните вредности;
✦Да се овозможи стекнување на знаења за народните обичаи, празници, носии, музика и фолклор преку разновидни воспитно-образовни активности;
✦Да се развие и подигне детската свест за правилно употребување на македонскиот и литературен јазик;
✦Да се поттикне чувството за чествување на христијанските празници;
✦Да се поттикне чувството за запознавање со богатата музичка култура и фолклор;
✦Да се поттикнува креативното изразување и активно учество на децата преку ликовни, музички, драмски и истражувачки активности поврзани со традицијата;
✦Да се развива соработка, комуникација и почитување на културните вредности како дел од личниот и социјалниот развој на детето.

***Мала  група - Виножито:***

***Активности:***

- ✦ Македонска култура и традиции (02.02.2026 год.);
- ✦ Играње народни ора и боиме народна носија (03.02.2026 год.);
- ✦ Како се прославува и значењето на празникот Велигден (09.04.2026 год.);
- ✦ Јовано, Јованке- пееме и играме на народна песна (26.05.2026 год.).




***Голема група - Виножито:***

***Активности:***

- Мојата татковина во срце ја носиме-ликовна игра (05.09 2025год.);
- Баба пее,дедо свири-народни песна и ора- игрите на баба и дедо  (09.09 2025год.);
- Македонско сонце-подвижна игра (10.10 2025год.);
- Вкусниот компот-креативна игра (21.11 2025год.);
- Првите букви од моето име (05.12 2025год.);
- Коледарско торбиче-креативна игра (05.01 2026год.);
- Божиќна трпеза-интерактивна игра (08.01 2026год.);
- Македонски народни гатанки,носии,кујна-презентирање  (20.01 2026год.);
- Славиме слава во нашата градинка-креативна игра (22.01 2026год.);
- Каде се јајцата-подвижна игра (09.04 2026год.);
- Велигденска кошница-графомоторика (08.04 2026год.).





*Мала  група – објект Сонце:*

***Активности:***

- Македонска традиционална храна-вкусно овошје;
- Македонски фолклор-посета на ФА“Јоанакиј Ракотински”Сопиште-народни песни и ора;
- Македонска традиционална трпеза;
- Традицијата низ празниците- бојадисување Велигденски јајца;
- Традиционални детски игри на отворен простор.








- ***ПРОЕКТ: „ЕМОЦИИТЕ НИЗ ИГРИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ“***

Во центарот на овој значаен проект беа емоциите на децата. Децата уживаа во сите реализирани проектни активности, се спроведе и работилница каде децата отворено  си ги искажуваа и покажуваа своите сопствени емоции и ги препознаваа различните видови на емоции кај другите дечиња. Низ игрите и активностите децата покажуваа чувство на емпатија кон другите другарчиња и се поттикнуваа едни со други.

***Цели на проектот:***

- Да се поттикнува препознавањето, именувањето и соодветното изразување на сопствените емоции и чувства кај децата;

- Да се поттикнува контролата на искажување на негативните емоции во детскиот свет;

- Да се развива емоционалната писменост, самодовербата и позитивната слика за себе преку разновидни игровни и креативни активности;

- Да се поттикнува развојот на толеранција, почитување, разбирање и емпатија кон интровертно другарче и превземање на иницијатива за негово вклучување во играта;

- Да се поттикне следењето на развојот на емоционалната интелегенција на детето од најмала возраст;

- Да се развиваат социјалните вештини, соработката и комуникацијата преку заедничка игра, движење, творештво и тимска работа;

- Да се поттикнува креативното изразување на емоциите преку ликовни, музички, драмски и подвижни активности;

- Да се развива способноста за самоконтрола, справување со различни емоционални состојби и градење позитивни односи со врсниците и возрасните;

- Да се поттикне правилно реагирање и самоконтрола на детето во дадена ситуација.

***Мала група- Виножито:***

***Активности:***

- Снешко бел (09.01.2026 год.);
- Мојата зимска авантура (23.01.2026 год.);
- Тажното врапче (06.02.2026 год.);
- Ова сум јас (16.02.2026 год.);
- Моето семејство (17.02.2026 год.);
- Јас сум среќно дете (18.02.2026 год.);
- Кога сум болен (04.03.2026 год.);
- Цвет за мама (06.03.2026 год.);
- Моето милениче (20.04.2026 год.).





***Голема група- Виножито:***

***Активности:***

- Како се чувствуваш кога одиш во градинка?-мисловна игра (03.09 2025год.);
- Семеен албум во нашата градинка-креативна игра (23.09 2025год.);
- Нашите омилени цртани и мојот омилен лик-разговор и ликовна игра (28.10 2025год.);
- Моите есенски емоции-креативна игра (12.11 2025год.);
- Слошувалка од емотикони-творечка игра (24.11 2025год.);
- Параолимписки игри-подвижна игра (03.12 2025год.);
- Детска рециклирачка работилница-креативно-творечка игра (06.02 2026год.);
- Честитка за мама за 8 Март-конструктивна игра (06.03 2026год.);
- Палета емоции-говорна игра (17.03 2026год.);
- Спаси се-подвижна игра (01.04 2026год.);
- Како расте гравчо-серија слики (14.04 2026год.);
- Мал танцувачки фестивал-подвижна игра (29.04 2026год.).






***Мала  група – објект Сонце:***

***Активности:***

- Како се чувствувам денес-шарени балони шарени емоции;
- Емоциите низ бои;
- Темометар на емоции;
- Круг на емоции – Срећниот Тото.





- ***ПРОЕКТ: „СООБРАЌАЈ“***

***Цели на проектот:***

-Да се развива сообраќајната култура и безбедносната свест кај децата;

-Да се запознаат со основните сообраќајни правила, знаци и светлосни сигнали;
-Да се оспособат за безбедно учество во сообраќајот како пешаци и велосипедисти;
-Да се развиваат вниманието, концентрацијата и одговорното однесување во сообраќајни ситуации;
-Да се поттикнува развојот на моторичките способности, координацијата и ориентацијата во простор преку практични активности и игри;
-Да се развива чувство на одговорност за сопствената безбедност и безбедноста на другите учесници во сообраќајот;
-Да се зајакнува соработката помеѓу децата, родителите и воспитувачите преку заеднички едукативни активности;
-Да се оспособат децата за препознавање за ризиците и опасностите во сообраќајот;
-Да се запознаваат со различни видови на превозни средства;
-Да се поттикнат да ги препознаваат сообраќајните знаци, нивното значење и функција;
-Подигање на свеста на детето како директен и индиректен учесник во сообраќајот;
-Почитување на сообраќајниот бон-тон и културата во сообраќајот;

-Запознавање со задачите и должностите на сообраќајнот полицаец.

***Голема група- Виножито***

***Активности:***

- Амбулантно возило-подвижна игра (11.02.2026 год.);
- Макета на раскрсница-конструктивна игра (12.02.2026 год.);
- Учиме за прва помош-креативна игра (11.02.2026 год.);
- Погоди ја целта-подвижна игра (20.04.2026 год.);
- Семафор-ликовна игра (21.04 2026 год.);
- Пешачки премин-подвижна игра (26.05 2026 год.).











***Мала група Виножито:***

***Активности:***

- Семејството наше во сообраќајната гужва (15.05.2026 год.);
- Улица и пат (22.05.2026 год.);
- Пешачки премин – подвижна игра (26.05.2026 год.);
- Семафор (27.05.2026 год.);
- Превозни средства (28.05.2026 год.).






***Мала група – објект Сонце:***

***Активности:***

✦Сообраќаен бон-тон-сообраќаен полицаец;
✦Креативна работилница-Воздушен балон од хартија (воздушен сообраќај);
✦На раскрсница....







**Активностите од Проектите се ставени и на нашата веб страна.**

ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште се претстави со свој труд на тема **,,Igra dece I odraslih u zatvorenim I otvorenim prostorima,, на XIII Стручна конференција за Воспитувачи организирана од Савез Удружења Васпитача Србија.** Од страна на Директорот Татијана Филиповска Здравеска во соработка со детската градинка Виножито од Струмица која воедно и ни е сестринска градинка беше изработен проект на дадена тема ,,Наш град – наша традиција кроз дечју игру,,. Проектот го работевме онлајн поради далечината на градинките. Трудот беше прифатен и беше презентиран во Златибор (Србија) од 02.10.2025 до 05.10.2025 год. Нашиот проект е вклучен во годишниот зборник на трудови.







Воспитувачите и во оваа воспитна година ја применија обуката: *„Примена на сликовниците од програмата Размислувај еднакво во предучилишното образование и воспитание“.* Согласно добиените насоки од обуката, воспитувачите кои ја реализираат програмата за Рано учење и развој со децата на возраст од 5 до 6 години, треба задолжително да отпочнат со реализација на сликовниците од програмата Размислувај еднакво. Со децата на возраст од 3 до 5 години, овие сликовници може да се реализраат согласно укажаната потреба и по слободна проценка на воспитувачот во групата. Сликовниците се доставени до секоја градинка и комплетите се дадени за секоја група-мала и голема. Во прилог реализирани теми :

- **Во малата група опфатени се деца со полни 3 години**

| **МЕСЕЦ** | **ДАТУМ** | **ТЕМА** | **БРОЈ НА ДЕЦА** | **ПОЛ** |
|---|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | 19.09.2025г | „Песнички за боите“ | 16 | 9м-7ж |
| ОКТОМВРИ | / | / | / | / |
| НОЕМВРИ | 03.11.2025г | „Портокали за секого“ | 16 | 10м-6ж |
| ДЕКЕМВРИ | 04.12.2025г | „Девојчето со количката“ | 18 | 10м-8ж |
| ЈАНУАРИ | 30.01.2026 | „Има ли некој како мене“ | 12 | 7м-5ж |
| ФЕВРУАРИ | / | / | / | / |
| МАРТ | 26.03.2026г | „Приказна за Цвекленце“ | 18 | 11м-7ж |
| АПРИЛ | 03.04.2026г | „Лара жолта Бубамара“ | 15 | 7м-8ж |
| МАЈ | 15.05.2025г | „Бранот Бранко“ | 20 | 10м-10ж |
| ЈУНИ | / | / | / | / |

***Голема група**

| **МЕСЕЦ** | **ДАТУМ** | **ТЕМА** | **БРОЈ НА ДЕЦА** | **ПОЛ** |
|---|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | 18.09.2025г | ,,Како се чувствуваме“ | 20 | 12м-8ж |
| ОКТОМВРИ | 27.10.2025г | „Ѕидот“ | 22 | 12м-10ж |
| НОЕМВРИ | 25.11.2025г | „Јас и само јас“ | 21 | 12м-9ж |
| ДЕКЕМВРИ | 05.12.2025г | „Имам решение“ | 20 | 13м-7ж |
| ЈАНУАРИ | 20.01.2025г | „Корисни раце“ | 15 | 8м-7ж |
| ФЕВРУАРИ | 11.02.2026г | ,,Рачиња помагалчиња“ | 19 | 11м-8ж |
| МАРТ | 23.03.2026гг | „Ја сакам мојата планета“ | 21 | 12м-9ж |
| АПРИЛ | 27.04.2026г | „Насмевката на Сизве“ | 24 | 15м-9ж |
| МАЈ | 15.05.2026г | „Приказната за тато“ | 25 | 15м-10ж |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЈУНИ | / | / | / | / |

ОБЈЕКТ ,,СОНЦЕ,,

| МЕСЕЦ | ДАТУМ | ТЕМА | БРОЈ НА ДЕЦА | ПОЛ |
|---|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | / | / | / | / |
| ОКТОМВРИ | / | / | / | / |
| НОЕМВРИ | / | / | / | / |
| ДЕКЕМВРИ | / | / | / | / |
| ЈАНУАРИ | / | / | / | / |
| ФЕВРУАРИ | / | / | / | / |
| МАРТ | 30.03.2026г | „Ја сакам мојата планета“ | 7 | 3м-4ж |
| АПРИЛ | 27.04.2026г | „Насмевката на Сизве“ | 7 | 4м-3ж |
| МАЈ | 14.05.2026г | „Приказната за тато“ | 11 | 5м-6ж |
| | 20.05.2026г | ,,Рачиња помагалчиња,, | 11 | 5м-6ж |
| ЈУНИ | / | / | / | / |

Бидејќи објектот Сонце се отвори на 04 Јануари и имаше адаптација, сликовниците се обработуваа од месец Март.

## *I. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА*

Здравствената заштита во детската градинка пред сé има превентивен карактер и се реализираше согласно потребите на децата, актуелните случувања од областа на здравството и препораките дадени од Министерство за здравство и МСПДМ.

Во изминатата 2024/2025 воспитна година во месец март Министерството за здравство донесе Одлука за прогласување епидемија на голема кашлица на територија на град Скопје, се забрани прием и престој во детските градинки на невакцинирани или некомплетно вакцинирани деца со ДиТеПер вакцина согласно возраста во календарот за имунизација. Иако заврши епидемијата имаме насоки од Министерство за здравство децата да бидат вакцинирани со ДиТеПер поради колективна одговорност и заштита.

Здравственото воспитување и згрижување на децата е од големо значење за нивниот правилен психофизички развој. Затоа во објектите посебно внимание се посвети на здравствената заштита на децата. Се поттикнуваа секојдневно културно – хигиенски

навики, редовна дезинфекција на игровниот материјал, редовно менување на постелнината, редовно проветрување и сл. Децата престојуваа на чист воздух. Реализација на антрополошко мерење на децата ( висина и тежина) два пати во текот на годината.

Редовно и во континуитет се следеше хигиената во сите простории во Градинката, се вршеше редовна дезинфекција на санитарните јазли, дезинфекција на играчките и занималните и вкупната хигиена во просторот каде децата ги вршат нивните активности. Во текот на извештајниот период секојдневно се вршеше евиденција за присуство и отсуство на децата и причините за истото.

Здравствената заштита и превенција кај децата од предучилишна возраст има за цел да им овозможи на децата правилен раст и развој преку развивање на културно – хигиенски навики, правилен однос кон исхраната односно важност и потреба за здрава храна, спортско- рекреативни активности, културно-забавни, како и сите останати активности и мерки кои ќе допринесат во подобрување и зачувување на здравјето, на емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој кај детето.

Во оваа воспитна година од страна на Директорот и Стручниот совет се изработи Програма за здравствена заштита на дечињата. Во градинката се обезбедени потребните мерки, активности и постапки односно направена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација во матичниот објект, поволни микроклиматски услови, максимална хигиена во сите простории и на санитариите. Во Јануари се отвори новиот објект Сонце каде целосно се направи дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просторот и санитариите. Исто така од страна на ЦЈЗ направена е и дезинфекција на возилото со кое носиме храна. По насока на ЦЈЗ дезинфекција на возилото ќе се прави на шест месеци.

Систематски беа следени и евидентирани параметрите на раст и развој односно телесната тежина и висина на децата во воспитните групи. Од страна на детската градинка беа реализирани дел од активности од областа на здравствена заштита.

- На 12 септември го одбележивме Светскиот ден на забите. Преку активноста ,,Бисерчиња- запчиња,, децата научија дека треба да се грижат за своите заби ако сакаат да бидат здрави;
- Детската градинка во Октомври поточно на 15.10.2025 година го одбележи ,,Светскиот ден на чисти раце,,- Рачиња си миеме за чиста вода да пиеме;
- Во месец февруари имавме посета од страна на ветеринарот Кристијан Саракиновски каде преку едукативно предавање им долови на дечињата дека после играње со миленичињата треба да се измијат рачињата ако сакаме да бидеме здрави;

- Во месец март направен е стоматолошки систематски преглед со децата од голема група во ПЗУ –Оптимум Дентал,, -Скопје која се наоѓа во нашата Општина, каде нивниот тим им направи стоматолошки преглед на дечињата и практично им покажа како правилно да се мијат запчињата;
- По повод 7 април **Светскиот ден на здравјето** од страна на докторите од ПЗУ Др. Кристина Ташковска се реализираше ситематски преглед на сите дечиња во детската градинка;
- По повод светскиот ден на здравјето – посета од страна на медицинско лице М-р. Милева Алексовска – Костадинова во објект Сонце.







Развојот на здравствените- хигиенски навики од најмала возраст се од големо значење, откривањето и искористувањето на овие навики води кон зачувување на сопственото здравје. Во воспитната година се стави акцент за развој на здравствените- хигиенски навики и беа насочени кон :

- Стекнување на здравствените-хигиенски навики преку воспитување;
- Редовно миење на рацете на децата и дезинфекција;
- Редовно проветрување на просториите;
- Редовно менување на постелнина на децата;
- Чести прегледи на децата од страна на доктор;
- Разговори со родителите по однос на одржување на хигиената и здравјето;
- Редовно одржување на хигиена на сите простории и предметите во нив и дезинфекција;
- Разработување на содржини со соодветна проблематика;

- Реализација и имплементација на низа проекти одобрени и понудени од страна на МСПДМ во насока одржување на оралното здравје, јакнење на културно-хигиенските навики и сл.

Секојдневно се вршеше дневна тријажа со цел увид во здравствената состојба и епидемиолошка состојба на децата како би се спречило развој и ширење на инфективни заболувања, од страна на вработените постојано родителите беа информирани и советувани дека настинатото и болно дете да се однесе кај својот избран матичен лекар на понатамошен третман и лекување. После завршеното лекување за повторен прием на детето во група се бара медицински документ дека детето може да посетува градинка односно со негативен брис од нос и грло.

Децата со неуреден вакцинален наод не беа примени да посетуваат детска градинка и ги упативме на вакцинирање. Сега можеме да кажеме дека во нашата градинка немаме деца кои се невакцинирани, а и сите новопримени дечиња во иднина ќе настојуваме да бидат со уреден вакцинален статус.

Вработените во градинката подлежат на редовни задолжителни здравствени прегледи кои се реализираат согласно законските прописи и тоа: воспитно- згрижувачкиот и помошно-технички персонал. Вработените кои се во директен контакт со храната подлежни на санитарни прегледи се на секои шест месеци додека останатиот персонал на една година. Сите вработени имаат направен систематски преглед, кој што задолжително се прави на две години.

Развојниот процес кај децата во делот „Здравје и моторички развој“ е даден преку следните подрачја:

**Груб моторички развој**, кој се однесува на воспоставување контрола на рамнотежата и координацијата на деловите од телото при одење, трчање, скокање, качување по скали, лизгање, бркање и сл.

**Фин моторички развој**, децата стекнуваат вештина како да ги користат дланките и прстите при фаќање, цртање, закопчување, отворање, сечење и сл. Здраво и безбедно однесување, децата започнуваат да разбираат дека дневните рутински активности и безбедните практики влијаат на нивното здравје и

**Сензомоторен развој**, кој се однесува на стекнувањето на способности тие да воспостават интеракција со околината преку комбинација на сетилата и моторните вештини.

## *II. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ*

Во рамки на установата се организираа редовните приредби и пригодни манифестаци кои се поврзани со одбележување на значајни празници и настани. Организирањето и учеството на вакви манифестации е од голема важност како за установата уште повеќе за децата затоа што преку подготовката и учество на приредби децата го збогатуваат својот интелектуален капацитет ,збогатување на говорот, правилната артикулација на зборовите, развивање на уметничките способности од областа на драмско изразување, сценски настап, естетските чувства музичко-ритмичко доживување итн. Со празнувањето на празниците како Бадник и Божик, Велигден и др. се негува традицијата.

Програмата за културна и јавна дејност се реализира според календарот за празници на РМ, содржините на воспитно-образовната програма , локалните и традиционални празници.

Во прилог се дадени кои јавно–културни активности и работилници се реализирани во оваа воспитна година предвидени во Годишната програма.

- Во месец октомври ја одбележивме Детската недела преку организација на повеќе настани. Организиравме настан „И децата имаат права “ со низа активности и игри, разменувавме пораки за детските права и обврски;

- Во нашата градинка го одбележавме месецот на Книгата во соработка со писателката а воедно и автор на книгата ,,Топли одрони,,. Дечињата се запознаа со Ирена Белешковска со која читаа детска литература и учествуваа во компонирање на нови стихови. Денешното мото беше – Книгата е најдобар пријател на детето;
- Во месец ноември го прославивме шестиот роденден на детската градинка во соработка со детски аниматор Блимби;
- ,,Музиката ги сплотува децата од светот,, беше мотото со кое го одбележавме Светскиот ден на детето на 20.11.2025 година со посета на оперските музичари Ана и Игор Дурловски;
- Месец декември ни беше исполнет со многу новогодишни настани и тоа:

- Во соработка со театарската куќа „Караван Колозови“ во нашите простории имаше театарска претстава за дечињата „Новогодишна случка во волшебната шума“, која ги поттикна децата за слушање и следење на театарска претстава и развивање на позитивни емоции на  среќа и радост;

 

❖ Посета на Дом за нега на стари лица „Сончев дом Тодоровски“- по повод новогодишните празници дечињата од нашата градинка ги посетија старите лица со едно мото ,,Да бидеме хумани,, каде им подаривме многу насмевки, детски прегратки и многу многу детска љубов и насмевки. Воедно им ги честитавме Новогодишните и Божиќните празници со желба за многу здравје.

  

✦ Во соработка со Општината организиравме посета од страна на Градоначалник и претставници од локална самоуправа на Општина Сопиште каде им доделија новогодишни пакетчиња на секое дете;

 

- ✦ Интерна Новогодишна приредба за родителите каде децата ја одбележија Новата година со рецитирање стихотворби, пеење и танцување на новогодишни песнички, групни кореографии и си посакаа среќни Новогодишни и Божиќни празници;

- ✦ Во месец февруари организиравме посета од страна на нашиот фолкорен ансамбл Свети Јоаникиј Ракотински од Сопиште со кореографот Кристијан Митревски, со што децата ја осознаа и запознаа македонската фолклорна традиција, народни носии, изиграа македонски ора;
- ✦ Одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик со посета на локалната библиотека во нашето Централно училиште Драга Стојановска- Ракотинци. Децата се запознаа со работата и значењето на библиотекарката за правилен развој на децата. Исто така се запознаа како правилно да се чува печатениот материјал;
- ✦ Посета од Ветеринарна амуланта и ветеринарот Кристијан Саракиновски. Децата се запознаа со професијата ветеринар и го одбележивме денот на миленичињата;
- ✦ По повод месецот на театар организиравме театарска претстава ,, Тетка Марулка,, во соработка со Театар Хит каде децата беа анимирани од нивна страна преку игра и песна, имаа забавно едукативни активности и ги поттикнаа децата за слушање и следење на театарска претстава;

**Одбележување на јавно-културни активности во текот на 2025/2026 година**

✦Родителски состанок во сите воспитни групи - месец септември;

✦Мојата татковина во срце ја носиме-„8 Септември“–Ден на независноста (05.09.2025 г.);

✦Бисерчиња- запчиња – Одбележување на Светскиот ден на забите (12.09.2025г.);

✦Одбележување на Детска недела ,детски права и одговорности со разни активности, посети и игри низ сите воспитни групи - месец октомври;
✦Театарска претстава “Плашливиот лав” по повод одбележување на Детската недела и соработка со театарот “Отпишани” (07.10 2025 г.);
✦„11 Октомври“–Ден на востанието (10.10.2025 г.);
✦Роденденска прослава на нашата детска градинка со аниматор (31.10 2025 г.);
✦Детска еко-акција-одбележување на Светскиот ден на Еко-активности (07.11 2025 г.);
✦Есенска работилница со родители- изработка на есенски украси (07.11 2025 г.);
✦Книгата е подарок за подобро утро-посета на писателката Ирена Белешковска по повод месецот на книгата (11.11 2025 г.);
✦Мојот град убав Скопје празнува-одбележување на денот на ослободувањето на главниот град (13.11. 2025 г.);
✦Музиката ги сплотува децата од светот –посета на оперските музичари Игор и Ана Дурловски по повод одбележување на светскиот ден на детето (20.11 2025 г.);
✦Новогодишна работилница- изработка на новогодишни украси (12.12 2025 г.);
✦Посета на домот за стари и изнемоштени лица “Сончев дом-Тодоровски” (16.12 2025г.);
✦Театарска претстава “Новогодишна случка во волшебната шума” од Театар за деца “Колозов” (17.12 2025 г.);
✦Посета на градоначалникот на општина Сопиште и делење на Новогодишни пакетчиња (24.12 2025 г.);
✦Децата го покажуваат нивниот талент на интерната Новогодишната приредба (30.12 2025 г.);
✦Македонска култура и традиција-посета на учителот од фолклорниот ансамбал “Св.Јоаникиј Ракотински”,Кристијан Митревски (02.02 2026 г.);
✦Посета на ООУ “Драга Стојановска” во с.Ракотинци-Одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик со посета на локалната библиотека и дечињата-првачиња (20.02 2026 г.);
✦Посета на ветеринарот Др.Кристијан Саракиновски-одбележување на Светскиот ден на миленичињата (23.02 2026 г.);
✦Првомартовска работилница ,,Пеперутката Марта,, (27.02.2026г.) -објект Сонце;
✦Работилница по повод празникот на мајката -,,Мала честитка- голема љубов,, (06.03.2026г.) објект Сонце;
✦Посета на членовите од Фолклорниот ансамбл Свети Јоаникиј Ракотински- македонски фолклор и традиционална македонска музика (09.03.2026г.) објект Сонце;
✦Посета од претставници од МВР – Полициска станица ,,Пролет,, - Сообраќај, полицаец, сообраќаец (10.03.2026г.) објект Сонце;
✦Пролетна работилница со родители ,,Пролетен колаж,, (18.03.2026г.) објект Сонце;

✦Посета на стоматолошката ординација “Оптимум Дентал”- стоматолошки преглед(19.03 2026 г.);
✦Пролетна еко- акција ,,Со насмевка садиме природата ја градиме,, (19.03.2026г.) објект Сонце;
✦Засадување цвеќиња во нашиот двор-одбележување на првиот ден на пролетта (23.03 2026 г.);
✦Театарска претстава “Тетка Марулка” од Театар “Хит”-одбележување на Светскиот ден на театарот (27.03. 2026 г.) двата објекта;
✦Детски карневал-одбележување на денот на шегата ,,Дефиле под маски,, (01.04 2026 г.) двата објекта;
✦Велигденски базар соработка со родители и деца (06.04 2026 г.);
✦Светски ден на здравјето посета од страна на медицински лица (07.04 2026 г.) двата објекта;
✦Велигденски базар со родители и деца (08.04.2026г.) објект Сонце;
✦Еко-планета-одбележување на Светскиот ден на планетата Земја (22.04 2026 г.);
✦Да ја чуваме природата- Ден на планетата Земја (22.04.2026г.) објект Сонце;
✦Креативна работилница “Мојот цртеж-моја боенка”-одбележување на Светски ден на книгата и авторските права со посета на поетесата Ивана Глоѓуновска, претседател на Здружението за култура,едукација и промоција “Свет од Зборови” (23.04 2026 г.) двата објекта;
✦“Сунიленс” работилница со родители –рециклирање на масло (28.04 2026 г.);
✦Јазикот е нашето богатство-одбележување на денот на Македонскиот јазик (05.05 2026 г.);
✦Еколошка акција (11.05. 2026 г.);
✦Семејството наше во сообраќајна гужва-одбележување на Светскиот ден на семејството (15.05 2026 г.);
✦Светски ден на семејството – Сунленс работилници за рециклирање на употребено масло за јадење (15.05.2026г.) објект Сонце;
✦Нашата завршна приредба за првачиња (01.06 2026 г.) двата објекта;
✦ Здружение за култура, едукација и промоција ,,Свет од зборови,, - доделување на едукативни боенки (02.06.2026г.) двата објекта.

***Реализирани работилници за оваа година се:***

**→Есенска работилница со родителите- изработувавме есенски украси и децата ја изразуваа својата креативност заедно со своите родители и воспитен тим.**

   

**→Новогодишна работилница–соработка со родителите.  На оваа работилница правевме изра ботки  на новогодишни украси и заедно со родителите ја украсувавме нашата градинка.**

  

**→Изработка на мартинки-работилница;**

**→ 8март Ден на жената- изработка на честитка за мама;**

**→ Ден на пролетта–го обележавме со засадување на цвеќиња во нашиот двор;**

**→Велигденски базар-се реализираше во соработка со родителите;**

**→,,Априлијада“ маскембал по повод 1 Април денот на шегата;**

**→ Сунилен**с **– 4 работилници рециклираме и собираме отпадно масло;**

**→ Работилница Денот на семејството 15 мај;**

**→ 1 Јуни ден на градинката и завршна приредба за првачиња.**

Го одбележавме Патронатот на детската градинка ВИНОЖИТО -1 Јуни Меѓународен ден на детето и организиравме завршна приредба за идните првачиња- шеста генерација. За секое идно прваче изработивме диплома и дрвена изработка –персонализирана за секое детенце. Исто така секое детенце доби персонализирана боенка ,,Виножито од бои гради Свет од зборови,, изработка од самите дечиња.










## *III. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ*

Соработката со родителите претставува битен сегмент во воспитно-образовната работа во градинката. Од година на година имаме се поголема отвореност и размена на соработки и идеи и информации помеѓу градинката и семејството, при што може да се констатира дека родителите се повеќе се вклучуваат и активно учествуваат во секојдневната работа на градинката. Одговорноста за соработка е взаемна и овозможува правовремена комуникација, взаемно почитување, доверба и разбирање за различните интереси.

Соработката со родителите во воспитно- образовната 2025/2026 година се остваруваше преку форми кои се одвиваа низ целата година. Во текот на годината се реализираа

родителски средби, хуманитарни акции, роденденски прослави, приредби, работилници, базари, проектни активности и разни манифестации. Секојдневно се реализираа индивидуални средби и разговори. Писмено информирање преку огласна табла за настаните и случувањата во објектот, споделување на фотографии и видеа од игровни активности. Родителите активно учествуваа во разни работилници и базари, беа директни сведоци на секоја работа со децата преку следење на приредби, проектни активности, заеднички забави и дружења. Соработката со родителите се одвива на дневна основа, пред се преку размена на информации со воспитувачите и негувателките. На овој начин, родителите секогаш се информираат за дневни или неделни настани во групата на нивното дете, за важни настани во текот на годината, промени и сл.

Една од најважните форми на соработка се индивидуалните разговори што воспитувачите ги нудат на родителите на децата со цел да ги информираат за секојдневното функционирање на своето дете, неговите развојни способности и потреби и да дадат стручни совети за поттикнување на психофизичкиот развој на детето. Секој родител може да побара индивидуално интервју со воспитувачите на групата во секое време.

Родителите беа вклучени во организација на проектот Сунѝленс собираме отпадно масло, во есенската и новогодишна работилница и во организација на велигденскиот базар.

Во воспитно-образовната 2025 /2026 година одржани се три седници со Советот на родители.

## 3.РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ТЕЛА И ОРГАНИ НА ГРАДИНКАТА

### *I. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ*

Работата на директорот во извештајната година се реализираше согласно со Годишната Програма за работа на детската градинка за 2025/2026 година и Годишната програма за работа на директорот за 2025/2026 година, како и согласно сите вклучувања и реализирање на тековни и нови проектни активности на локално и републичко ниво и сите

активности кои произлегуваа од тековното работење, а сите во насока на непречено и успешно реализирање на дејноста во целост.

Директорот во својство на педагошко раководно лице во дел од кругот на работата и работните задачи во текот на годината успешно организираше и раководеше со целокупната работа во детската градинка. Исто така планираше, креираше и координираше при изготвувањето на Програмите и Извештајот за работа на детската градинка, ја раководеше педагошко – административната работа и ја следеше нејзината реализација.

Работата на директорот се одвиваше преку разни форми и содржини планирани во програмата. Во склад со програмата за работа на детската градинка директорот создаваше услови за реализирање на програмските содржини и внесување на иновации во целокупниот процес на работата, особено на воспитно образовната и згрижувачката работа со децата.

Дел од активностите се насочија кон спремање на новиот објект за негово отварање и пуштање во употреба на  новиот објект Сонце. На 4 јануари се отвори новиот објект Сонце каде веднаш започна со работа. Направивме две групи но бидејќи немаме согласност за вработувања двете групи се споени и функционираат со еден неговател.

| **Содржина на работа** | **Планирано** | **Реализирано** |
|---|---|---|
| 1. Техничко – организациска подготовка за отпочнување за воспитна 2025/2026 год. | Јули- Август 2025 | Јули- Август 2025 |
| 2. Изготвување на Програма за работа – согласно со  стандардите за рано учење и развој | Август- Септември 2025 | Август- Септември 2025 |
| 3. Формирање на воспитни групи, распоредување на воспитно – згрижувачкиот кадар по воспитни групи и детски градинки – објекти | Август 2025<br>Јануари 2026 | Август 2025<br>Јануари 2026 |
| 4. Одржување седници на Совет на воспитувачи и детски негователки | Септември 2025 | Септември 2025 |
| 5. Консултации и насоки за групите, родителски состаноци | Септември 2025 | Септември 2025 |
| 6.Подготовка и учество на Седницата | Континуирано во текот на | Континуирано во текот на |

| | | |
|---|---|---|
| на Управниот одбор | годината | годината |
| 7. Посета на групите во  сите градинки | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 8. Подготовка на седници на Стручен Совет и Совет на родители | Континуирано во текот на годината и по потреба | Континуирано во текот на годината и по потреба |
| 9.Соработка со стручни институции Локална самоуправа, МСПДМ, детски градинки | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 10.Следење на работата на Комисијата за исхрана на децата | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 11.Учество во подготовка за разни манифестации, приредби и следење на истите | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 12.Учество во изработка на нормативни акти | По потреба | По потреба |
| 13. Следење и грижа за реализација на Проектите | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 14. Подготовка и следење на Активности за одбележување на новогодишните празници | Декември 2025-Јануари 2026 | Декември 2025-Јануари 2026 |
| 15. Изготвување на предлог распоред за годишните одмори за 2026 г. и изготвување на Решенија за истите | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |
| 16. Следење и учество во мониторинг на реализација на проектните и воспито-образовни активности | Септември2025- Август 2026 | Септември2025- Август 2026 |
| 17. Одржување на Совет на воспитувачи и негователки | Континуирано во текот на годината | Континуирано во текот на годината |

| | | |
|---|---|---|
| 18. Техничко – организациска подготовка за отпочнување за воспитна 2026/2027 год. | Јули-Август 2026 | Јули- Август 2026 |
| 19. Изготвување на Годишен Извештај 2025/2026 г. | Август 2026 | Август 2026 |
| 20. Изготвување на Годишна програма за 2026/2027 воспитно-образовна година | Јули- Август 2026 | Јули- Август 2026 |

**Во текот на програмската 2025/2026 год. директорот ги реализираше следниве активности**:

- ✓ Учествуваше во изготвување на Годишната програма за работа на градинката, како и развојната програма на градинката;
- ✓ Учетвуваше во изготвување на Годишниот извештај за работа;
- ✓ Учествуваше во формирање на воспитните групи заедно со Комисијата за прием почитувајќи го Правилникот за прием на дечиња;
- ✓ Даваше стручна помош во планирањето и програмирањето на работа на стручниот совет на градинката, следење, насочување, поттикнување и координирање со неговата работа;
- ✓ Вршеше посети на воспитните групи комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиско со вработените при тоа навремено согледувајќи ги и решавајќи ги сите новонастанати состојби во објектите секојдневно во работата и комуникацијата на триаголникот воспитувач-дете-родител, неговател-дете-родител;
- ✓ Ги подготвуваше и учествуваше на состаноците на заедничка координација со стручниот тим, Советот на воспитувачи и негувателки;
- ✓ Во реализирање на програмата за стручно усовршување во Градинката за 2025/26 год. со давање насоки за подобрување во евиденција и контрола на собрани средства на корисниците на услугите;
- ✓ Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советување со вработените со цел да се подобрат констатираните недостатоци, да се унапреди дејноста;

- ✓ Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, ги информираше членовите за актуелни состојби, за целокупната работа и се ангажираше на спроведување на донесените одлуки и заклучоци;

- ✓ Учествуваше во изготвување на Годишниот финансов план за 2026 год, месечни, квартални финансови планови, Годишниот план за јавни набавки, проширување и ребаланс на финансов план, го организираше и контролираше административното финансово и материјално работење во градинката согласно законски прописи;

- ✓ Учествуваше во изготвување на листата за исхрана на децата од градинка со цел истата да ги задоволи нормативите и стандардите предвидени за исхрана на деца од предучилишнавозраст а во соработка со стручни лица од МСПДМ и Центарот за јавно здравје на РСМ , како и водеше грижа за целокупната здравствена заштита и превентива;

- ✓ Ја следеше и анализираше месечната потрошувачка за исхрана на децата во соработка со материјалниот и финансискиот сметководител;

- ✓ Го изготви Годишниот план за вработување во јавниот сектор за 2026 год. во согласност со упатствата добиени од МИОА;

- ✓ Учетвуваше во координирање и организирање на соработка на Градинката со родителите преку Советот на родители вклучувајќи двајца родители во Управниот одбор на Градинката и нивно максимално ангажирање при планирањето на воспитните активности;

- ✓ Соработуваше со МСПДМ преку подготовка и достава на податоци, како и размена на искуства во насока за подобрување на квалитетот во организација на воспитно-згрижувачката дејност;

- ✓ Превземаше бројни активности, подобиени упатства и препораки од страна на Центарот за јавно здравје, Министерство за здравство и МСПДМ;

- ✓ Обезбедуваше донации за децата од градинката;

- ✓ Активно ја следеше реализацијата на воспитно-згрижувачката работа и воспитно-згрижувачкиот кадар;

- ✓ Даваше стручна помош и активно соработуваше во насока на успешно и нормално функционирање на објектот и дејноста на установата;

- ✓ Присуствуваше на повеќе работилници организирани од МСПДМ и Уницеф, посетуваше обуки;

- ✓ Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги и најадекватните форми на соработка, ги вклучуваше родителите во одделни активности за подобрување на условите за работа.

**Реализирани активности за подобрување на условите во детската гардинка:**

- ✓ Организирање на мајстори за тековни поправки на новиот објект за негова конечна употреба;
- ✓ Набавка на течни горива–нафта за греење и набавка на моторно гориво;
- ✓ Набавка на униформи за вработените и нововработените;
- ✓ Организирање и набавка на реквизити кои се потребни за дечињата за изведба на различни манифестации, настани и работилници.

## *II.ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ТЕЛА*

Во ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште согласно Законот за заштита на децата и Статутот се формираа следните стручни органи:

- ✓ Управен одбор, Стручен совет, Совет на воспитувачи, Совет на негователи и Совет на родители.

**Управниот Одбор** на Градинката е составен од 6 члена и тоа 2 претставници од општина Сопиште, 1 претставник од Установата од редот на вработените, 2 претставници од родители на деца и 1 претставник од МСПДМ. Управниот одбор на градинката ВИНОЖИТО на своите состаноци редовно предлагаше и носеше одлуки за: Годишна програма за работа, Извештај за работа на градинката, Финансиски план и извештај, план за јавни набавки, Годишна сметка, како и разгледуваше и одлучуваше за други работи утврдени со Закон.

**Стручен совет** го сочинуваат директорот и вработените кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата. Со стручниот совет раководи директорот. Стручниот совет во текот на извештајната година работеше на следниве задачи: остварување на Програмата за работа, учествуваше во формирање на воспитно-образовни групи, учествуваше во планирање на воспитно-образовната работа, спроведуваше новини во работата, учествуваше во сите сегменти во реализација на Програмата за стручно усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар, ја афирмираше градинката преку учество на манифестации, учествуваше во комисијата за следење на електронско следење на педагошка документација и евиденција, соработуваше со МСПДМ и други институции од дејноста. Учество во тековни подготовки за сценарија, координирање со работните групи и други работи утврдени со Статутот.

**Совет на воспитувачи** го сочинуваат воспитувачите, стручниот тим и директорот на градинката. Во текот на годината Советот на воспитувачи редовно се состануваше еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати во зависност од активностите во градинката. Во текот на годината советот на воспитувачите ја унапредуваше воспитно-згрижувачката работа во соработка со негувателките. Секојдневно ја реализираше воспитната работа со деца , континуирано работеше на усовршување на воспитно-образовниот процес и следење на стручна литература. Учествува на стручни семинари и обуки, ја развиваше меѓусебната комуникација со родителите, со предлози и идеи учествуваше во оплеменување и уредување на ентериерот во занималната и градинката, вршеше еволуација, евидентирање, пренесување и размена на искуства од непосредната работа со децата, со идеи и предлози учествуваше во креирање на месечни тематски планови по возрасни групи, континуирано водеше педагошка евиденција во хартиена и електронска форма, активно учествуваше во рамките на воспитната група во реализација на приредби, прослави, работилници, куклени претстави и во реализација на планираните проекти.

**Совет на негуватели** го сочинуваат негувателите, Стручниот тим и директорот на градинката. Советот на негуватели редовно се состануваше во текот на годината. Советот на негуватели редовно водеше евиденција на децата, редовно се грижеше и ја контролираше здравствената состојба на децата, како и превземаше превентивно здравствени мерки. Помагаше во реализацијата на проектните активности, присуствуваше на стручни теоретски предавања, се залагаше за подобрување на условите и хигиената на просториите за престој на децата, се грижеше за исхраната на децата.

**Советот на родителите**- беше континуирано известуван за сите новини, потреби и носеше одлуки за организација на активностите во детската градинка. Постојано беше информиран за превземени мерки и беше информиран навремено за сите промени и насоки. Советот на родители учествува во Одлуките за избирање на понуди за сликање за табло на првачињата, за избирање на понуда за осигурителна компанија за осигурување на децата, понуда за избор на списанија и за секоја донесена важна одлука во нашата градинка беа задолжени Советот на родители.

Стручните органи во воспитната година се состануваа во согласност со потребите, за иницирање на активности и решавање на определени прашања.

## III. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Професионалниот развој ќе биде ефективен ако излегува во пресрет на индивидуалните потреби на вработените во детската градинка и ако не се смета за

однадвор наметната обврска. За да се изработи остварлив годишен план за професионален развој потребно е да се земат предвид, од една страна сознанијата од самопроценката на сопствените компетенции, потреби, интереси, професионални аспирации, а од друга страна приоритетите на детската градинка и реалните можности за остварување на планот (финансиски средства, достапност на одредени облици на стручно усовршување и сл.).

Со цел унапредување на работата во воспитните групи основна задача беше индивидуалното стручно усовршување на згрижувачкиот и воспитниот кадар во градинката. Редовно преку целата година воспитниот и згрижувачкиот кадар учествуваше во планирање, избор на содржини, форми, методи и средства за работа со децата. Покрај користење на дидактичкиот материјал, играчките, игровните средства и материјали од групите, истите следеа работилници, предавања, обуки, конференции и курсеви.

Во воспитната година 2025/2026 година изработен е план за професионален развој на вработените – професионален развој на директорот, воспитувачите и негувателките, се реализираше низ повеќе видови на активности, од повеќе развојни аспекти: педагошки, психолошки, дидактички, методички и слично.

Посетени обуки од страна на вработените во оваа воспитна година се:

- Развивање здрави навики во исхраната кај деца од предучилишна возраст;
- Нарушување во флуентноста на детскиот говор;
- Сензомоторен развој кај децата;
- Социјална комуникација и аутистичен спектар на нарушувања
- Психолошка прва помош за деца во ситуации на страв, стрес и анксиозност;
- Измени на актите за систематизација и внатрешна организација согласно уредбата за утврдување на научно истражувачките полиња од трето ниво, како и новините во однос на изработка на актите согласно законот за вработени во јавниот сектор.
-

## *IV. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА*

Согласно Законот за заштита на децата (Службен весник бр.23/13, 12/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и 104/19) водењето на педагошка евиденција и документација е задолжителна обврска која се спроведува во детската градинка и се спроведува преку :

- Водење на дневник за работа за секоја воспитна група во која се реализира воспитно-образовната работа;

- Прозивник за присутност на децата во сите групи;
- Главна книга во која се евидентира запишувањето на секое дете во градинката;

- Дневник за воспитната установа;

- Досие за секое дете.

Воспитувачките задолжително подготвуваат дневни планирања кои се за секоја група одделно, во кои се води сметка за можностите и интересите на децата и доаѓа до израз и креативноста на воспитувачите. Во нив се планираат содржините, нагледните средства кои ќе се користат, работните матријали и текстови од литературата која ја поседува детската градинка.

Негувателките во групата ги планираа слободните активности кои беа насочени кон реализација на игри, развивање на хигиенските навики кај дечињата, помош во адаптацијата, ориентација во простор и др.

## *V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ЗАДАЧИ*

Во годишната програма за 2025/2026 година на ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште беа поставени приоритетни задачи, сите приоритени задачи се реализирани и тоа :

- Во тековната 2025/2026 година финансовото работење беше насочено кон реализација на планираните финансиски средства за потребите на градинката и набавки за новиот објект за официјална употреба и користење;
- Следење на законитоста и финансиското работење , финансиски активности за тековно одржување на објектот, опремата и дворните површини;
- Обезбедување на стручна доедукација на персоналот во детската градинка;
- План и програма за јавни набавки;
- Годишен план за вработување и измена на годишниот план за вработување за новиот објект.

Годишната програма за работа на градинката 2025/2026 година во целост ја оствaривме со големо залагање и одговорност на сите вработени. На сите деца им обезбедивме правна нега и грижа , здрава и топла средина за престој, квалитетна исхрана, квалитетно воспитание и образование согласно програмата за рано учење и развој.

Сето ова го остваривме бидејќи во градинката се покажа голема одговорност кон работните задачи, трпеливост и почит кон родителите, меѓусебна почит и љубов кон професијата и децата. Согласно Програмата за рано учење и развој дел од дечињата ги подготвивме за училиште и за успешно вклучување во основното образование.

Во воспитната година 2025/2026 година поточно на 10 Ноември беше извршен редовен инспекциски надзор од страна на МСПДМ но не се утврдени направилности и немавме никакви забелешки. Записникот беше успешно затворен. Исто така на 10 Јули имавме вонреден испекциски надзор од страна на санитарни инспектори каде беше проверена цела кујна од одржување и чување на храна, рок на храната, санитарни книшки, земање брис од работна површина, проверка на мени и не се најдени никакви неправилности. Записникот беше успешно затворен.

## ЗАКЛУЧОК

Предучилишниот период е клучен во развојот на децата за создавање на здрави личности подготвени да се вклучат во понатамошниот образовен систем и цениме дека сите фактори од локално и државно ниво треба координирано и континуирано да се вклучат во создавање на услови за развој и правилно функционирање на системот за предучилишно воспитание и образование.

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој, а со тоа и на важноста на организираното создавање на услови за тој развој.

Во оваа воспитна 2025/2026 година беа вклучени 48 дечиња во воспитно-образовниот процес во детската градинка- матичен објект, а од нив 13 дечиња од 1 септември подготвени ќе се приклучат кон образовниот систем.

Нашите заложби не останувaат на постигнатите успеси, туку ќе продолжат со уште поголеми залагања за активно вклучување на Установата во сите сфери на општествено живеење со цел постигнување на подобри резултати и подобрување на условите за престој на децата и условите за работа на кадарот со кој располагаме.

ЈОУДГ ВИНОЖИТО Сопиште

Директор

Татијана Филиповска Здравеска

________________________________